**20080821505**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 јули 2008 година.

Бр. 07-2668/1
2 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), во членот 9 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Основните здравствени услуги од ставот 1 на овој член Фондот ги обезбедува на осигурените лица во здравствените установи во висина на цени утврдени со Ценовникот на здравствени услуги во Република Македонија кој го донесува Управниот одбор на Фондот.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 10 став 1 по точката 7 се додава нова точка 7-а, која гласи:

“7-а) извршени во примарна здравствена заштита кај лекар кој не му е избран лекар на осигуреното лице;”.

Во точката 8 на крајот од реченицата точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: “или извршени здравствени услуги во здравствени установи каде што Фондот не обезбедил вршење на здравствени услуги на негов товар;”.

Член 3

Во членот 28 се додава нов став 1, кој гласи:

“Здравствените услуги во примарната здравствена заштита на осигурените лица им се обезбедуваат кај избраниот лекар.”

Ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 2, 3, 4, 5 и 6.

Член 4

Во членот 30 ставот 2 се менува и гласи:

„Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство во земјите со кои Република Македонија има склучено или преземено Договор за социјално осигурување, здравствени услуги во странство може да користи во обем и на начин утврдени со Договорот за социјално осигурување.“

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување може да користи здравствени услуги во странство само за укажување на итна медицинска помош, ако придонесот за задолжително здравствено осигурување е платен согласно со членот 45 став 1 од овој закон.

Ако осигуреникот или работодавецот кој го упатил осигуреникот на привремена работа во странство, во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување и користењето на здравствената заштита во странство ја обезбедиле на свој товар, со посебен договор за осигурување, дадените здравствени услуги не паѓаат на товар на средствата на Фондот.“

Ставот 3 станува став 5.

Во ставот 4 кој станува став 6 броевите: „1, 2 и 3“ се заменуваат со броевите: „1, 2, 3, 4 и 5.“

Член 5

Во членот 36 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Средствата од учеството на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги, освен за лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, остануваат на користење на здравствената установа, согласно со склучените договори меѓу Фондот и здравствените установи.“

Член 6

Во членот 40 став 4 процентот „65%“ се заменува со процентот „50%“.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Основица за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување за работа со скратено работно време е бруто платата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа.“

Ставот 6 станува став 7.

Член 7

Во членот 41 став 2 процентот „65%“ се заменува со процентот „50%“.

Член 8

Во членот 45 по зборот „лица“ се додаваат зборовите: „во земји со кои Република Македонија има склучено или преземено Договор за социјално осигурување“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За осигурениците од ставот 1 на овој член, кои се упатени за извршување на работа во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување, основицата за пресметување на придонесот за задолжително здравствено осигурување е платата што ја примаат во земјата, ако здравствената заштита во странство ја обезбедиле на свој трошок или на товар на работодавецот.“

Член 9

Во членот 47 ставот 2 се менува и гласи:

„Пресметката на висината на придонесот кај обврзниците од членот 40 на овој закон, месечно ја контролира Фондот пред обврзникот да изврши уплата на придонесот кај носителот на платниот промет.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Податоците за месечната пресметка на висината на придонесот од ставот 2 на овој член, обврзникот е должен да ги достави до Фондот во електронска форма.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 10

Членот 48 се менува и гласи:

„Обврската за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување пристигнува на денот на подигање на средствата за плата, а ако платата не е исплатена, последниот ден во месецот за претходниот месец, а за обврзниците кои се сами за себе обврзници за плаќање на придонесот, последниот ден во месецот за претходниот месец.

За застареноста и отпишувањето на придонесот за задолжително здравствено осигурување, како и за погрешно или повеќе уплатен придонес се применуваат прописите за пресметување и наплата на персоналниот данок од доход.

На износот на придонесот за задолжително здравствено осигурување што не е уплатен во утврдениот рок се плаќа камата во висина од 0,03% за секој ден задоцнување.“

Член 11

Во членот 49 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Контролата од ставот 1 на овој член ја врши лице врз основа на овластување дадено од директорот на Фондот (во натамошниот текст: овластен работник).“

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „според прописите за извршната, односно парничната постапка“ се бришат.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

“Фондот е ослободен од плаќање на судски такси во постапките што се водат пред надлежните судови.”

Член 12

По членот 50 се додаваат четири нови члена 50-а, 50-б, 50-в и 50-г, кои гласат:

„Член 50-а

Од извршената контрола овластениот работник составува записник.

Еден примерок од записникот од ставот 1 на овој член се доставува до обврзникот во рок од осум дена од денот на извршената контрола.

Обврзникот има право до Фондот да поднесе приговор на записникот од контролата, во рок од осум дена од денот на неговото доставување. Ако во приговорот се изнесат нови факти и се приложат нови докази што би влијаеле врз донесувањето на решението и преземањето на други мерки, ќе се проверат изнесените факти и предложените докази и за тоа ќе се состави дополнителен записник.

Член 50-б

Ако со контролата се утврди дека обврзникот не го пресметал, неправилно го пресметал или не го уплатил придонесот за задолжително здравствено осигурување, Фондот со решение наложува плаќање на пристигнатиот придонес и пресметаната камата.

Решението од ставот 1 на овој член го донесува Фондот во рок од осум дена, од денот на приемот на приговорот, односно од истекот на рокот за поднесување на приговор по записникот.

Решението по кое не е извршено плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување и пресметаната камата има карактер на извршна исправа.

Член 50-в

Против решението од членот 50-б на овој закон обврзникот може да изјави жалба до министерот за здравство во рок од 15 дена, од денот на приемот на решението.

Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Против решението на министерот за здравство, може да се поведе управен спор.

Член 50-г

Обврзникот кој во определениот рок доброволно не ги плати обврските по решението за наплата на придонесот, Фондот по присилен пат ќе го наплати придонесот согласно со одредбите од Законот за платниот промет.

Ако решението не може да се изврши од сметките на обврзникот што ги има кај носителот на платниот промет, решението се доставува до надлежниот извршител да изврши присилна наплата од имотот на обврзникот, согласно со одредбите од Законот за извршување.“

Член 13

Во членот 51 ставот 1 се менува и гласи:

„Врз основа на склучен меѓусебен договор Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија може во име и за сметка на Фондот да собира податоци за обврзниците на придонесот, да врши собирање, контрола на пресметување, уплатување и присилна наплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување, да врши враќање на погрешно или повеќе уплатен придонес, како и да врши пресметување и наплата на камата за задоцнето плаќање на придонесот.“

Ставот 2 се брише.

Член 14

Во членот 57 став 5 зборовите: “и во меѓународно јавно гласило” се бришат.

Член 15

Во членот 69 став 1 по зборот “установи” се додаваат зборовите: “за купување на основните здравствени услуги од овој закон,”.

Член 16

Во членот 70 став 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и договорна казна“.

Член 17

Во целиот текст на законот зборовите: “Заводот за вработување” се заменуваат со зборовите: “Агенција за вработување на Република Македонија”.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, започнатите постапки до 1 септември 2008 година за наплата на основниот долг заедно со законската камата за неправилно пресметан и уплатен или не уплатен придонес за задолжително здравствено осигурување, како и за постапките кои ќе започнат по 1 септември 2008 година, а се однесуваат на настанатите долгови на обврзниците по основ на неправилно пресметан и уплатен или не уплатен придонес за задолжително здравствено осигурување до 1 септември 2008 година,

ќе се завршат според Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007).

Член 19

Одредбите од членовите 9, 10 ставови 1 и 2, членот 11 ставови 1 и 2 и членот 12 на овој закон ќе се применуваат од 1 септември 2008 година.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".